# ОДДРЖАНА ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ЕДНОГЛАСНО ПОДДРЖАНА ИНИЦИЈАТИВАТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА КСС

Советот на СОНК , на 24 Ноември 2017 година ја оддржа својата осма редовна седница, на која се разгледуваа актуелните состојби во дејностите што ги покрива нашиот Синдикат, како и планирање на следните активности на краткорочен и долгорочен временски период.

Во воведното излагање на претседателот Јаким Неделков беше укажано дека во изминатиот периодот практично и нема подобрување на релација СОНК и ресорни министерства и министри и покрај нашето искажано писмено незадоволство, како и одржани неколку прес конференции во врска со непостоење на социјалниот дијалог, еднострано кршење на колективните договори со воведувањето на минималната плата, најавеното зголемување на плати во некои дејности и т.н. Исто така, беше кажано дека и Конференцијата на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), на 16-11-2017 година одржа седница и  расправаше за актуелните состојби во дејностите од јавниот сектор, на која се истакнати неколку клучни Барања кои ќе се достават до Владата на Република Македонија и ресорните министри. Од надлежните институции се бара да започнат итни преговори во врска со предлогот за селективно зголемување на плати во некои дејности во јавниот сектор, примена на колективните договори во целост, отпочнување на преговори за нов Колективен договор во јавниот сектор и други прашања со кои ќе се подобри социјалниот статус на вработените (членови на КСС) во јавниот сектор.

По исцрпната дискусија од страна на членовите на Советот на СОНК , во која што без исклучок сите дискутанти искажаа незадоволство од ваквата состојба, беше прифатена

иницијативата на КСС за отпочнување на активности за информирање на членството и подготовка за организирање на Јавен протест, со што јавно ќе се искаже незадоволство на членовите на гранските синдикати. Доколку не се надмине ваквата состојба, синдикатите при КСС ќе продолжат со организирање на други по радикални средства на изразување на незадоволства, вклучувајќи го и штрајкот.

Исто така, Советот на СОНК констатира дека во ваква сложена политичка и економска ситуација, повеќе од неопходно е да се зајакнат синдикалните активности на сите нивоа на организирање, особено да се негува и сочува единството во СОНК, кој е важен предуслов за остварување на целите на членовите на оваа организација.

---

# СИЛНО ПОТВРДЕНО ПРИЈАТЕЛСТВОТО ПОМЕЃУ СИНДИКАТОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СЛОВЕНИЈА И НАШИОТ СИНДИКАТ

## Членовите на Главниот одбор на Синдикатот за образование на Словенија престојуваа во посета на Р.Македонија

Членовите на Главниот одбор на Синдикатот за образование на Словенија (СВИЗ) од 19-ти до 21-ви мај, престојуваа во посета на Р.Македонија. Во рамките на посетата беа остварени средби

со највисокото раководство на СОНК, како и посета на неколку градинки, основни и средни училишта во Скопје.

Главниот одбор на СВИЗ, практично е соодветен орган како што е Советот на СОНК, што всушност значи највисоки постојани органи на одлучување на нашите два синдикати. Овој факт укажува на значењето на посетата на Главниот одбор на СВИЗ, што практично е врв на повеќегодишното исклучително блиско пријателство помеѓу СВИЗ и СОНК, што е од особено значење и за двата синдикати.

Нашите пријатели од Словенија, не го криеја големото задоволство, што се реализира оваа посета и при тоа со најубави зборови го искажаа задоволството од срдечниот дочек од страна на претставниците од СОНК.

Посетата на неколкуте градинки, основни и средни училишта во Скопје, ја оценија како многу корисна, бидејќи имаа можност директно да разговараат со раководствата на овие синдикални организации, како и непосредно да се запознаат со условите во кои се сместени децата во градинките, како и учениците во основните и средните училишта.

Оваа посета, силно ја потврди потребата од подигнување на соработката со синдикатите од другите држави и посебно со синдикатите од нашиот Регион, со кој СОНК има повеќегодишна блиска соработка.







# КАКО СЕ ВОВЕДУВА ПРИНУДНА УПРАВА СО ДЕКРЕТ

## ИТНО ПОВЛЕЧЕТЕ ГО СКАНДАЛОЗНИОТ ,,ДОКУМЕНТ“

### РЕАКЦИЈА И БАРАЊЕ НА СОНК ПОСЛЕ ИЗВЕСТУВАЊЕТО ДО ДИРЕКТОРИТЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Предмет**: Неодложно и итно повлекување на Известување од МТСП до директорите на детските градинки

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија – СОНК од Министерот за труд и социјална политика Фросина Ременски, БАРА НЕОДЛОЖНО И ИТНО ДА ГО ПОВЛЕЧЕ ИЗВЕСТУВАЊЕТО од МТСП од 21-11-2016 година, доставено до директорите на Јавните установи за деца-детските градинки.

Со споменатото Известување, кое по ниеден основ не може да се класифицира како документ кој може да излезе од било кој државен орган, а најмалку од Министерство, а тоа од следните причини:

– ,, документот,, ниту има деловоден број, ниту има потпис и заверка на истиот од овластен претставник од Министерството;

– Наведени се како потписници лица со функција-инспектори за надзор на дејноста заштита на деца, кои со ништо немаат овластување да издаваат документи со извршна наредба до директори на јавни установи и кои се под надлежност на единиците на локалната самоуправа;

– Со ,, документот,, грубо го кршат Законот за заштита на деца и особено член 67, ставот 2 и ставот 3 ( Сл.Весник 27/16) ; Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца бр 11- 1446/2 од 21-02-2014 година( Сл. Весник на Р.М. бр.40 од 25-02-2014 година); Колективниот договор за детска заштита .

СОНК е вчудоневиден од леснотијата со која МТСП и особено најодговорните во овој државен ресор дозволиле, да излезе во нивно име, ваков небулозен документ со кој се направени повеќе тешки законски повреди, со голема веројатност и кривични дела, а исто така нанесена е и непоправлива штета врз работата на детските градинки и кај сите вработени во истите и посебно врз родителите на децата кои се згрижени во овие установи.

Од тие причини СОНК бара, согласно позитивните закони во нашата држава, да биде утврдена поединечната одговорноста на сите инволвирани во овој тежок скандал, особено ако се има во предвид дека станува збор за ресорно Министерство кое е најодговорно во делот на спроведување на законите во установите и претпријатијата. Вакви ,, друмски документи,, беа одлика на едно време , кое е завршено пред повеќе од еден век.

И овој непобитен факт дополнително фрла невиден срам, кој мора да биде казнет.

СОНК од Владата на Република Македонија, која напоменуваме дека веќе е писмено известена, бара итно превземање на соодветни мерки според надлежностите што ги има согласно законите на државата.

Од Министерот за труд и социјална политика Фросина Ременски и од дополнителниот заменик министер Диме Спасов , бара итно да ја утврдат одговорноста на авторите на споменатиот документ и да покренат соодветни постапки согласно законите на нашата држава.

СОНК укажува дека, доколку веднаш не биде поништен овој скандалозен документ, итно и неодложно ќе ги преземе сите легални и легитимни средства, влучително и протест пред МТСП, како и организирање на штрајк во детските градинки, со солидарна помош на сите установи во делот на образованието, согласно Законот за работни односи.

Прилог : ,, документот,, Известување од МТСП

---

# ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

## ПОВЕЌЕГОДИШНИТЕ ПРЕДЛОЗИ И ЗАЛОЖБИ НА СОНК, КОНЕЧНО СЕ РЕАЛИЗИРААТ

Најголемиот грански синдикат во Република Македонија, а во дејностите од системот на образование и еден од најголемите и на регионално ниво, нашиот СОНК подолги години или поточно, од

почнувањето на неговото реформирање пред петнаесеттина години е несомнено лидер на сите реформи во синдикализмот и во земјата и пофторуваме и во Регионот.

Само да потсетиме, во безброј јавни кажувања од страна на највисокото раководство на СОНК, во целиот споменат период предлагавме, инсистиравме и прашања по прашања успевавме да ги реализираме со надлежните државни органи на сите нивоа, кои се легитимни социјални партнери. Тоа е така заради непобитните аргументи на СОНК за воспоставување на современи односи, со договарање на современи стандарди во делот на социјалното партнерство и дијалог.

СОНК рушејќи ги надминатите стереотипи, околу сфаќањето и позиционирањето на синдикатот, како организација на работниците, според модел на претходниот веќе одамна напуштен општествен систем, создаваше и натаму ќе создава синдикат, според најсовремени модели на најмоќните европски синдикати и од Соединетите американски држави. Овој факт, безмалку никој повеќе не го негира, со исклучок на некои – кои и самите не можат да се дефинираат каде припаѓаат, дека СОНК е најзаслужниот за незапирливото менување на синдикализмот во нашата држава, по примерот на најсовремените синдикати во светот.



СОНК  и во овој случај, пред присутните на работно – свечениот настан при потпишувањето на Меморандумот, го истакна исклучителното значење за подигнувањето на стандардите на партнерскиот и социјален дијалог, преку кои Република Македонија, не само што ќе се изедначи со земјите од Европската унија, туку за добар дел од нив и ќе биде чекор понапред.

---

# ОДДРЖАНА ДЕВЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## СОНК ВО ПОДГОТОВКИ ЗА ПРОТЕСТ

На 23-ти декември 2017 година, Советот на СОНК ја оддржа деветтата редовна седница на Советот на СОНК во проширен

состав, претседателите и секретарите на регионалните одбори на СОНК, на која на дневен ред беа планирања на активности на СОНК за најавениот протест во рамките на КСС. На седницата беше поканет и присуствуваше претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС, Благоја Ралповски.

Имено, по иницијатива на Извршниот одбор на КСС, на седницата на Конференцијата на КСС оддржана на 21-12-2017година , каде што СОНК како грански синдикат партипицира со 14 членови, донесе Одлука, патем да споменеме дека е обврзна за сите членови на гранските синдикати во КСС, за оддржување на Јавен протест во месец јануари идната година.



Носењето на Одлуката за оддржување на Јавен протест е од веќе познати барања и причини , но не е на одмет да ги споменеме :

- Отпочнување на преговори и воспоставување на социјален дијалог со релевантните репрезентативни синдикати во државата;
- Преговори за најавеното селективно зголемување на платите за 5% во октомври идната година во одредени дејности во Јавниот сектор, кое ќе доведе до дискриминација на останатите сектори;

- Отпочнување на преговори за зголемување на платите на вработените во јавната администрација, јавните установи, јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост и усогласување на потпишаните важечки колективни договори, соодветно на процентот создаден со зголемување на висината на минималната плата (зголемување на соодветен процент по различни сектори);
- Итно отпочнување на преговори за измени и дополнувања на општиот колективен договор за јавен сектор во врска со следните предлог – измени:

- Регрес за годишен одмор за вработените во јавен сектор во висина од најмалку 60% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач. Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор.
- Одредба во која Владата ќе има обврска при секое носење на буџетот на РМ да изврши усогласување на платите во јавниот сектор со репрезентативните синдикати;
- Зголемување на надоместокот за минат труд по примерот на соседните земји односно зголемување на плататата секоја година за соодветен процент и тоа:

– од 1 до 10 год. работен стаж за 0,5 проценти

– од 11 до 20 години работен стаж за 0,75 проценти

– над 21 година работен стаж за 1 процент

- За вработените во јавен сектор кои работат и во сабота со цел надополнување на работните саати, намалување на нивното работно време во текот на работната недела.
- На вработените во јавниот сектор кои имаат повеќе од 150 работни часа подолго од полното работно време кај истиот работодавач на годишно ниво, да им се исплати бонус во

висина од една просечна плата во Републиката (13та плата).

Во вториот дел на седницата беше поканет и присуствуваше правниот застапник на СОНК, Ванчо Шехтански, кој даваше правни совети за постапките по однос на прашања од работен однос за поединечни и групни проблеми со кои се соочува членството на СОНК со посебен акцент за можноста за трансформација на работни договори од определено на неопределено време после 2 години работен стаж . Во овој дел на седницата беа отворени и други прашања од тековното работење на Советот на СОНК.

---

# ОДРЖАНА 11-та РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

**СОНК ПРОДОЛЖУВА ДА РАБОТИ ТРАНСПАРЕНТНО И ОТЧЕТНО ПРЕД СВОИТЕ ЧЛЕНОВИ**

Советот на самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК на 31.03.2018 и 01.04.2018 година ја одржа својата 11-та редовна седница, на која што се разгледуваше и усвојуваше финансиското работење на сметката на Советот на СОНК, информација околу финансиското работење на Синдикалниот фонд како и за некои актуелни состојби за дејностите кои што ги покрива СОНК.

Извештај за финансиското работење на Советот на СОНК поднесе членот на Надзорниот одбор на Советот на СОНК, Чедомир Спасовски, кој што ги презентираше податоците од приходите и расходите од финансиското работење на Советот за 2017 година, при што констатира дека приходите по основ на уплатена членарина се стабилни и се во висина од претходните години,

што индиректно покажува дека членовите на СОНК редовно уплаќаат членарина и дека членството е во приближно ист број во однос на претходните години. Во однос на расходните ставки презентирано е дека трошењето средства во 2017 година е намалено во однос на 2016 година, средствата се трошеле наменски исклучиво само за синдикални потреби, оправдани со соодветна документација. Ваквиот извештај на Надзорниот одбор на Советот на СОНК, по расправа и позитивна критика, беше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот на СОНК.

Исто така, како информација, беше презентирано и финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК, кој што работи во добра кондиција, со зголемување на реализација на барања за помошти и кредити согласно Правилникот на Синдикалниот фонд. Овој извештај, исто така, беше едногласно усвоен од Собранието на Синдикалниот фонд по предлог на Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК, на седници одржани на 29.03.2018 година.

На оваа седница на Советот на СОНК беше расправано и за состојбите во СОНК во однос на социјалниот дијалог и партнерство на сите нивоа, а особено се расправаше за проблемите на дел од вработените во детска заштита, основното и средното образование кои што во последниот период останаа без работа. Советот на СОНК искажа големо незадоволство за ваквите состојби во овие дејности и констатира дека со промена на власта на сите нивоа се направи класична политичка дискриминација каде што на местото на веќе вработени работници се примаат нови, кои што очигледно ги “ исполнуваат безусловно“ сите критериуми.

Во врска со ваквата настаната ситуација, Извештај поднесе и правниот застапник на СОНК кој што даде емпириски извештај со бројот на правни услуги на членовите на СОНК кои се обратиле до него. Исто така, тој ја објасни правната процедура која што треба да се запази во однос на поведување на правни постапки на секој еден кој што ќе има потреба за тоа.

# ПОЧНА ОДДРЖУВАЊЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ ВО СОНК

## СЕ ПОТВРДИ ГОЛЕМАТА ПОТРЕБА ОД СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

Првите едукативни семинари, кои беа најавени на VI – от Конгрес на СОНК во програмските определби и со конкретизирана Програма, усвоена од Советот на СОНК, се оддржаа минатиот викенд во два регионални одбори на СОНК – Делчево и Кочани.

Заедничка карактеристика на одржаните семинари во споменатите региони , е неподеленото мислење на членовите на овие наши региони, а тоа всушност се претседателите на синдикалните организации на СОНК од општините кои ги опфаќаат овие региони, дека била сосема оправдана потребата од синдикална едукација.

На семинарите, на кои во првиот дел беше направена презентација на три области кои, по наша оценка се сметаа за најпотребни во едукативниот процес и тоа : ,, Синдикатот – нужна потреба или наметната обврска за работниците” ; ,,Правна регулатива на Синдикатот” и ,, Стратешки цели на СОНК за наредниот петгодишен период“, а во попладневниот дел од семинарот, заедничка дискусија по темите и сите актуелни прашања во СОНК. Без исклучок од сите присутни беше искажано задоволство од ваквиот начин на одржување на едукативните семинари.

Во повеќето дискусии од двата региони, преовлада мислењето дека во трите теми содржински се опфатени најзначајните прашања кои се од интерес на членството на СОНК, со јасно потенцирање дека, за поголем дел од присутните немале

сознанија или имале половични познавања за тие прашања. Преовлада заклучокот дека,поради евидентните празнини во делот на синдикалните познавања, често пати, особено во значаен дел во синдикалните организации правени се погрешни проценки, а некогаш се носени и заклучоци за одредени активности на СОНК.

Во воведното излагање по темите, беше отворено зборувано и за позитивните страни, но и за слабостите со кои СОНК е соочен во овој момент, а се со цел првите ( позитивните ), да се оддржуваат и постојано да се зголемуваат, додека согледаните слабости постепено, но и што е можно побрзо, да бидат надминати.

На крајот од двата споменати едукативни семинари беше договорено, во што пократок период, со предходно направена подготовка и во целосна координација со раководството на регионот, семинарите да бидат одржани и во сите синдикални организации на СОНК. За таа намена, од страна на раководството на СОНК се изготви Прирачник, како основен материјал за оддржување на семинарите.



На 5-02-2016 година во попладневните часови, раководството на СОНК и претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Делчево,

имаа работна средба со градоначалниците на општина Делчево и на општина Македонска Каменица, на која стана збор за социјалното партнерство помеѓу надлежните на овие две локални единици и регионалниот одбор на СОНК, во решавање на сите прашања кои се од надлежност на двата социјални партнери.

Како краен заклучок, со сигурност може да се констатира дека одржаните едукативни семинари во регионите Делчево и Кочани, беа успешно оддржани и истите ќе имаат голем придонес во поквалитетно функционирање на синдикалните организации и споменатите регионални одбори на СОНК.

---

# ЗАВРШИЈА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ СО РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

## СИЛНО ПОТВРДЕНА ПОТРЕБАТА ЗА СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

Во текот на овој месец, се одржаа и последните три едукативни семинари и тоа во регионалните одбори на СОНК : Куманово, Карпош и Центар. Од првиот семинар одржан во почетокот на месец февруари ( регион Делчево ), до последниот одржан во втората половина на месец мај ( регион Центар), практично беа одржани семинари во сите 20 регионални одбори на СОНК. Првична оценка од вкупно 573 претседатели на синдикални организации, присуствуваа над 95% од вкупниот број.

Стручната служба на СОНК ќе изготви опстојна анализа за одржаните семинари, со посебни согледувања на секој поединечен регион и заедничка анализа на сите дваесет семинари. Таквата

анализа треба да ги согледа вистинските состојби во исклучително важниот дел на синдикалната активност на нашиот Синдикат, во делот на познавање на најважните одредби од законите што ги регулираат правата од работен однос, колективните договори, потпишани од страна на СОНК и документите усвоени од Конгресот на СОНК ( Статут, Програма, Резолуции и сл. )

Врз основа на оваа анализа , раководството на СОНК и особено Советот на СОНК, ќе треба да договорат конкретни натамошни активности за отстранување на констатираните слабости и тоа во исклучително важниот дел од раководната структура на СОНК, односно претседателите на синдикалните организации.



Како првичен заклучок, неспорно е дека семинарите во регионалните одбори на СОНК во целост го оправдаа нивното одржување и создадоа многу солидна основа за натамошни активности во јакнење на квалитетното функционирање на организацијата, со ставање на акцент на синдикалните организации како темел на нашиот Синдикат.




---

# ОДДРЖАНА СЕДМАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## СОНК ГО ОСУДУВА НЕМАЊЕТО НА СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И ПАРТНЕРСТВО

На седмата редовна седница на Советот на СОНК, која се оддржа на 2-09-2017 година , каде на Дневен ред беа сите актуелни прашања во дејностите што синдикално ги обединува СОНК, беа поканети надлежните ресорни министри и тоа: Министерот за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска; Министерот за образование и наука, г-ѓа Рената Дескоска и Министерот за култура, г-динот Роберт Алаѓосовски.

На поканата за присуство на седницата, се одзва и присуствуваше Министерот за труд и социјална политика со најблиските соработници, заменикот Министер за култура и соработник од Министерството за култура, додека пак од страна на министерствот за образование и наука ( иако беше најавено

дека ќе присуствуваат овластени преставници ), не присуствуваше никој.

Во своето воведно излагање, претседателот Неделков подвлече дека во последните месеци социјалниот дијалог не е на потребното ниво. Ваквиот заклучок е поткрепен со тоа што досега раководството на СОНК има остварено по една средба со ресорните министри, а во меѓувреме се донесени повеќе законски и подзаконски акти кои директо навлегуваат во правата од работен однос и на нашето членство, а СОНК како релевантен социјален партнер не е консултиран , ниту повикан да учествува во расправа или изготвување на текстот на овие документи.



На седницата беа  отворени сите актуелни прашања од сите сфери на образованието и културата.

Министерот за труд и социјална политика, по однос на социјалниот дијалог и партнерство, истакна дека во иднина

истиот  ќе се одвива непречено и надградува и со тоа ќе се дојде до решенија на отворените проблеми во дејноста.

Заменик Министерот во своето обраќање истакна дека се надева дека ќе се надмине проблемот со потпишувањето на Колективниот договор за култура.

Во продолжение на седницата, Советот на СОНК донесе Заклучоци во кои што се бара од ресорните министерства да почитуваат социјалниот дијалог и партнерсво на сите нивоа, со што благовремено би се  отстранувале сите недоразбирања по однос на сите отворени прашања. Исто така Советот на СОНК заклучи дека ќе се превземат конкретни активности за подобрување на социјалниот статус на своите членови- зголемување на платите, како и енергично спротиставување кон сите оние кои што од позиција на власт ќе се обидат да ги нарушуваат правата на вработените, согласно Закон и Колективен договор. Особено СОНК ќе обрне внимание на најавуваните реформи во некои дејности со што е можно да се предизвикаат техолошки вишоци, на што енергично се противи и соодветно ќе реагира.

Исто така, Советот на СОНК најостро го осуди игноранскиот однос на Министерството за образование и наука кон нашиот Синдикат, со што се искажува непочитување на повеќе од 90% вработени во образовни институции а се членови на СОНК, а воедно и непочитување на Закон, Колективни договори, Меѓународни конвенции и др., со што уште еднаш се потврдува нашето  кажување за непостоење на коректен социјален дијалог и партнерство на рамноправна основа.

СОНК уште еднаш подвлекува дека ќе ги употреби сите легални и легитимни средства за одбрана на правата и интересите на своите членови, кои му се загарантирани со правни документи.

# Документи усвоени на 6-от Конгрес на СОНК

## ДОКУМЕНТИ УСВОЕНИ НА 6-от КОНГРЕС НА СОНК

На следните линкови можете да ги превземете документите кои што беа усвоени на 6-от Конгрес на СОНК:
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОНК.pdf

П Р О Г Р А М А 2015-2020.pdf

Р Е Ф Е Р А Т- 2015.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 1 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 2 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 3 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 4 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf